Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1511/2022

Дата 19-08-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Делчево, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на подземен кабелски вод од нова КБТС 10/0,4 kV "Шишаро Звегор" на дел од КП 547/1 и дел од КП 551, до постоен столб на дел од КП 4089/3, КО Ѕвегор вон град, Општина Делчево.** Вкупната должина на планираната траса изнесува приближно 1,1 km.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y27122** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на проектот - изградба на подземен кабелски вод од нова КБТС 10/0,4 kV "Шишаро Звегор" на дел од КП 547/1 и дел од КП 551, до постоен столб на дел од КП 4089/3, КО Ѕвегор вон град, Општина Делчево би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на подземен кабелски вод од нова КБТС 10/0,4 kV "Шишаро Звегор" на дел од КП 547/1 и дел од КП 551, до постоен столб на дел од КП 4089/3, КО Ѕвегор вон град, Општина Делчево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на подземен кабелски вод од нова КБТС 10/0,4 kV "Шишаро Звегор" на дел од КП 547/1 и дел од КП 551, до постоен столб на дел од КП 4089/3, КО Ѕвегор вон град, Општина Делчево, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Делчево, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 43686 од 06.06.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на подземен кабелски вод од нова КБТС 10/0,4 kV ”Шишаро Звегор” на дел од КП 547/1 и дел од КП 551, до постоен столб на дел од КП 4089/3 во КО Ѕвегор вон град, Општина Делчево. Вкупната должина на планираната траса изнесува приближно 1,1 km.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на подземен кабелски вод од нова КБТС 10/0,4 kV ”Шишаро Звегор” на дел од КП 547/1 и дел од КП 551, до постоен столб на дел од КП 4089/3 во КО Ѕвегор вон град, Општина Делчево до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1511/2022 од 11.08.2022 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на подземен кабелски вод од нова КБТС 10/0,4 kV ”Шишаро Звегор” на дел од КП 547/1 и дел од КП 551, до постоен столб на дел од КП 4089/3, КО Ѕвегор вон град, Општина Делчево претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од “Просторниот план на Република Македонија”, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на подземен кабелски вод од нова КБТС 10/0,4 kV ”Шишаро Звегор” на дел од КП 547/1 и дел од КП 551, до постоен столб на дел од КП 4089/3 во КО Ѕвегор вон град, Општина Делчево** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнациска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk